| 7 | Лабораториско столче | Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Надворешна димензија Ф-400mm<br>Опис: Столче изработено од шперплоча Ф= 330 x15mm лакирана со полиуретански лак, на метална конструкција со навој за висинско подесување до 50cm | 21 |

**Член 3**

Општина Гази Баба движните ствари од член 2 од оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Министерот за образование и наука, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

**Член 5**

Се задолжува ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, по уреден прием на движните ствари, истите да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2552/12**
**од 10 април 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТ ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКА ЗА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ НА РОДИТЕЛИ, ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2023 ГОДИНА ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период од 01.04.2023 година до 31.12.2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 април 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2740/11**
**од 11 април 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 191 став (2) од Законот за заштита на децата "Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/2, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-2498/1 од 30.03.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и петтата седница одржана на 10 април 2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТ ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКА ЗА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ НА РОДИТЕЛИ, ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2023 ГОДИНА ДО 31.12.2023 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период од 01.04.2023 година до 31.12.2023 година, бр.02-145/4 од 24.03.2023 година, донесена од управниот одбор на установата.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2552/13**
**од 10 април 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТ ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКА ЗА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ НА РОДИТЕЛИ,**
**ЗА ПЕРИОД ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 април 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2740/12**
**од 11 април 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 191 став (2) од Законот за заштита на децата "Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/2, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-2372/1 од 28.03.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и петтата седница одржана на 10 април 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТ ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКА ЗА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ НА РОДИТЕЛИ, ЗА ПЕРИОД ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2023 година, бр.02-173/4 од 23.03.2023 година, донесена од управниот одбор на установата.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2552/14**
**од 10 април 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ
НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈА (БИСТИ) НА
ДАНЕ КРАПЧЕВ И ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ**

1. Се објавува Одлуката за именување Одбор за подигање на спомен - обележја (бисти) на Дане Крапчев и Гоце Делчев, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 април 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2740/13**
**од 11 април 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 5 став (3) и член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата ("Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 89/08, 152/15 и 103/21), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личноси со спомен обележја за периодот 2019-2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/18, 3/19 и 2/20), Програмата за спомен-обележјата на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/21 и 5/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и петтата седница одржана на 10 април 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ОДБОР ЗА**
**ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈА (БИСТИ)**
**НА ДАНЕ КРАПЧЕВ И ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ**

**Член 1**

Се именува Одбор за подигање на спомен - обележја (бисти) на Дане Крапчев и Гоце Делчев во состав:

1. Мартин Десподовски, претседател
2. Дијана Илиевска, член,
3. Александар Саша Димитријевиќ, член
4. м-р Иван Симоновски, член
5. Тодор Петров, член
6. Александар Арсевски, член
7. м-р Виктор Трпевски, член
8. Трајче Георгиевски, член и
9. Васко Апостоловски, член.

**Член 2**

Одборот од членот 1 на оваа одлука има задача, во согласност со Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата ("Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 89/08, 152/15 и 103/21) да ги спроведе:

- Одлуката за подигање на спомен-обележје (биста) на Дане Крапчев (1912-1944), првоборец и учесник во национално-ослободителната војна на Македонскиот народ во Втората светска војна, убиен од бугарските фашисти, број 09-5171/11 од 21 ноември 2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/18), и
- Одлуката за подигање на спомен-обележје (биста) на Гоце Делчев (1872-1903), великан на Македонското револуционерно национално-ослободително движење кон крајот на XIX век и почетокот на XX век, број 09-1321/14 од 30 март 2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.5/15).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2552/15**
**од 10 април 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО
ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 април 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2740/14
од 11 април 2023 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (''Службен весник на РМ'' бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и петтата седница одржана на 10 април 2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА

1. Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.14/22), во точка 2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и урбанистички план), Графичкиот прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели, **се менува и гласи**:

| Ред. број | Градежни парцели | Намена | Урбан блок, локалитет, населено место | Назив на план | Број на гр. парцели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1.6 до 17.10 | Б2- големи трговски единици Г2, Г3, Г4- лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, стоваришта | Заобиколница | УПВНМ Заобиколница од клучка Хиподром до клучка Сингелиќ (Одлука бр. 09-2755/11 од 20.07.2017 год.) | 40 |
| 2 | 1.10 | А4 – времено сместување | КО Гази Баба | ДУП „СРЦ Железара" (Одлука на Совет бр. 07-1433/13 од 30.03.2011 год.) | 1 |
| 3 | 1.1 | Е2 – катна гаража | КО Гази Баба | ДУП „СРЦ Железара" (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011 год.) | 1 |
| 4 | 2.2 | Б2- големи трговски единици | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр, 09-4746/8 од 21.12.2015 год) | 1 |
| 5 | 1.1 | Б 6- градби за собири | КО Маџари | ДУП за СИ 10 (локалитет Хиподром) (Одлука на Совет бр. 07-4426/5 од 17.11.2014 год.) | 1 |
| 6 | 2.21 | В3- дом на култура | КО Сингелиќ 1 | ДУП за дел од МЗ. „Маџари 2",УБ 5 (Одлука бр. 07-3980/14 од 26.10.2011 год.) | 1 |
| 7 | 2.7 | А3- групно домување | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр. 09-4746/8 од 21.12.2015 год.) | 1 |
| 8 | 2.5 и 2.6 | А2 – домување во станбени згради | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр, 09-4746/8 од 21.12.2015 год.) | 2 |
| 9 | 9.5; 9.9; 11.1; 11.3;11.4; 11.5 и 11.6 | А2 – домување во станбени згради | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром" (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 7 |
| 10 | 9.1 | Б2-големи трговски единици | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром" (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 1 |
| 11 | 9.11 | Б1-мали комерцијални и деловни единици | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром" (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 1 |
| 12 | Од 3.2 до 3.16 (8 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром" (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 8 |
| 13 | Од 4.08 до 4.52 (27 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром" (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 27 |
| 14 | Од 5.2 до 5.41 (25 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП "Маџари-Хиподром " (Одлука на Совет бр.07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 25 |
| 15 | Од 6.1 до 6.37 (32 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП "Маџари-Хиподром " (Одлука на Совет бр.07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 32 |
| 16 | Од 10.1 до 10.28 (21 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром" (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 21 |
| 17 | Од 11.10 до 11.73 (55 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром" (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 55 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18 | 5 (3,4,5,6) | Г- производство, дистрибуција и сервиси<br>Г2 -лесна индустрија<br>Г3-сервиси<br>Г4-стоваришта | КО Инџиково | АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ<br>за формирање на една градежна парцела со намена Г2, Г3 и Г4 од ГП 5.3, 5.4, 5.5 и 5.6 од УПВНМ за изградба на Индустриска зона на<br>локалитет заобиколница од клучка "Хиподром"<br>до клучка "Сингелиќ" -Општина Гази Баба (Потврда бр. 28-3/942/23 од 14.09.2020 година) | 1 |
| 19 | 54 и 58 | В2- здравсто и социјална заштита<br>Б2- големи трговски единици | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 04 Блок 3 (Одлука на Совет бр. 09-660/13 од 22.02.2016 год.) | 2 |
| 20 | 1.1<br>2.2<br>2.3<br>Од 3.1 до 3.9 | Б5- хотелски комплекс<br>А4-времено сместување<br>Д3-спорт и рекреација ( на отворено)<br>Е2 –комунална супраструктура | КО Стајковци<br>КО Црешево | УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО-СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ГАЗИ БАБА | 12 |

2. По графичкиот и текстуален дел на ДУП за дел од МЗ "Маџари 2",УБ 5 (В3 - дом на култура), се додава графички и текстуален дел за: "ДУП "Маџари - Хиподром" (А2 - домување во станбени згради)", "ДУП "Маџари - Хиподром" (Б2 - големи трговски единици)" и "ДУП "Маџари - Хиподром" (Б1 - мали комерцијални и деловни единици)":

- **ДУП "Маџари - Хиподром" (А2 - домување во станбени згради)**



| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Основна | компатибилна | | | |
| **9.5** | 2115 | 483 | 23 | 3864 | 1,83 | А2-домување во станбени згради | Б1-мали ком .деловни единици | 25,20/ П+7 | 2340 | **4.940.100,00** |
| **9.9** | 2154 | 483 | 22 | 3864 | 1,79 | А2 -домување во станбени згради | Б1-мали ком .деловни единици / | 25,20/ П+7 | 2340 | **5.040.360,00** |
| **11.1** | 3373 | 483 | 143 | 3864 | 1,15 | А2 -домување во станбени згради | Б1-мали ком .деловни единици / | 25,20/ П+7 | 2340 | **7.892.820,00** |
| **11.3** | 3720 | 766 | 21 | 6128 | 1,65 | А2 -домување во станбени згради | / | 25,20/ П+7 | 2400 | **8.928.000,00** |
| **11.4** | 3355 | 483 | 14 | 3964 | 1,15 | А2 -домување во станбени згради | / | 25,20/ П+7 | 2400 | **8.052.000,00** |
| **11.5** | 2824 | 483 | 17 | 3864 | 1,37 | А2 -домување во станбени згради | / | 25,20/ П+7 | 2400 | **6.777.600,00** |
| **11.6** | 3053 | 483 | 16 | 3864 | 1,37 | А2 -домување во станбени згради | / | 25,20/ П+7 | 2400 | **7.327.200,00** |

- **ДУП "Маџари - Хиподром" (Б2 - големи трговски единици)**



| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Основна | компатибилна | | | |
| **9.1** | 2328 | 960 | / | 1920 | / | Б2-големи трговски единици | / | 10.20/П+1 | 2200 | **5.121.600,00** |

- **ДУП ''Маџари - Хиподром'' (Б1 - мали комерцијални и деловни единици)**



| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Основна | компатибилна | | | |
| **9.11** | 2290 | 960 | / | 1920 | / | Б1-мали комерцијални и деловни единици | / | 10.20/П+1 | 2200 | **5.038.600,00** |

3. Во ДУП ''Маџари - Хиподром'' (А1 - семејни куќи), Урбан модул 4 - домување во семејни куќи, **се менува и гласи**:

| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | |
| **4.8** | 301 | 161 | 53,00 | 483 | 1.60 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.361** |
| **4.9** | 301 | 104 | 35,00 | 312 | 1.04 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.361** |
| **4.14** | 271 | 129 | 47,00 | 387 | 1.42 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **16.531** |
| **4.17** | 429 | 138 | 32,17 | 414 | 0.96 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **26.169** |
| **4.18** | 390 | 138 | 35,38 | 414 | 1.06 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **23.790** |
| **4.19** | 353 | 124 | 35,00 | 312 | 1.05 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **21.533** |
| **4.32** | 421 | 132 | 31,65 | 396 | 0,94 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **25.681** |
| **4.33** | 394 | 154 | 39,08 | 462 | 1,17 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **24.034** |
| **4.34** | 345 | 118 | 34,20 | 354 | 1,03 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **21.045** |
| **4.35** | 345 | 118 | 34,20 | 354 | 1,03 | А1 - | / | 10,20 / П+2 | 61 | **21.045** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | домување во семејни куќи | | | | |
| **4.36** | 294 | 154 | 52,28 | 462 | 1,57 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **17.934** |
| **4.37** | 297 | 99 | 33,33 | 297 | 1,00 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.117** |
| **4.38** | 294 | 99 | 33,67 | 297 | 1,01 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **17.934** |
| **4.39** | 294 | 154 | 52,38 | 462 | 1,57 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **17.934** |
| **4.40** | 270 | 99 | 36,67 | 297 | 1,10 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **16.470** |
| **4.41** | 276 | 109 | 39,49 | 327 | 1,18 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **16.836** |
| **4.42** | 276 | 109 | 39,49 | 327 | 1,18 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **16.836** |
| **4.43** | 301 | 104 | 34,55 | 312 | 1,04 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.361** |
| **4.44** | 301 | 104 | 34,55 | 312 | 1,04 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.361** |
| **4.45** | 301 | 104 | 34,55 | 312 | 1,04 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.361** |
| **4.46** | 301 | 104 | 34,55 | 312 | 1,04 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.361** |
| **4.47** | 301 | 104 | 34,55 | 312 | 1,04 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.361** |
| **4.48** | 301 | 104 | 34,55 | 312 | 1,04 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.361** |
| **4.49** | 301 | 104 | 34,55 | 312 | 1,04 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.361** |
| **4.50** | 301 | 104 | 34,55 | 312 | 1,04 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **18.361** |
| **4.51** | 210 | 80 | 38,10 | 240 | 1,14 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **12.810** |
| **4.52** | 410 | 104 | 25,36 | 312 | 0,76 | А1 - домување во семејни куќи | / | 10,20 / П+2 | 61 | **25.010** |

4. Во точка 5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата, прегледот се менува и гласи:

| **Бр.** | **Населено Место (Локалитет)** | **Проценка на финансиски приходи ( во денари)** |
|---|---|---|
| **1** | **Населба Хиподром 2** | **49.000.000,00** |
| **2** | **Населба Железара** | **24.000.000,00** |
| **4** | **Населба Маџари** | **30.000.000,00** |
| **5** | **Населба Ченто** | **20.000.000,00** |
| **6** | **Заобиколница** | **25.000.000,00** |
| **7** | **Спортско Рекреативен Центар Гази Баба** | **90.000.000,00** |
| **ВКУПНО** | | **238.000.000,00** |

5. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2552/16**
**од 10 април 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА
ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ
ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРАЦИ ОД УЛИЦА
"ХРИСТОФОР ЖЕФАРОВИЌ'**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на краци од улица "Христофор Жефаровиќ", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 април 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2740/15
од 11 април 2023 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 52 од Законот за градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04 и 158/11), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба за реконструкција на краци од улица "Христофор Жефаровиќ", ("Службен гласник на Град Скопје" бр.7/23), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и петтата седница одржана на 10 април 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА
СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И
ГРАД СКОПЈЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРАЦИ
ОД УЛИЦА "ХРИСТОФОР ЖЕФАРОВИЌ"**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на краци од улица "Христофор Жефаровиќ" и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес.

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од член 1 од оваа одлука, изнесува 2.050.000,00 денари со вклучен ДДВ, односно 1.737.288,00 денари без вклучен ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 2.050.000,00 денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, од подпрограма Ј6 424320 - Одржување на улици - летно.

Општина Гази Баба во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со издавање на Решение за реконструкција и решавање на можните имотно-правни спорови.

Средствата од ставот (2) на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 од оваа одлука и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од ваков тип, а работите ќе ги изведува ЈП "Улици и патишта" - Скопје.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2552/17
од 10 април 2023 година
Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ДОЛЖНИЧКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ - ОПШТИНСКИ ОБВРЗНИЦИ ОД ПРВА ЕМИСИЈА**

1. Се објавува Одлуката за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност - општински обврзници од прва емисија, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 април 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2740/16**
**од 11 април 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 7 и член 12 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/05, 25/07, 07/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20 и 288/21), член 2 алинеја 15 и член 18 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 3, член 4 и член 6 од Правилникот за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр.122/06, 81/14 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.192/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и петтата седница одржана на 10 април 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ДОЛЖНИЧКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ - ОПШТИНСКИ ОБВРЗНИЦИ ОД ПРВА ЕМИСИЈА

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба - Скопје, со седиште на ул."Архимедова" бр.2, го уредува издавањето на првата емисија на седумгодишни општински обврзници, во износ од 308.500.000,00 МКД.

### Член 2

Долгорочните должнички хартии од вредност - општински обврзници (во понатамошниот текст: општински обврзници или обврзници) ќе се издаваат по пат на јавна понуда.

Општинските обврзници се: неограничено преносливи, во нематеријализиран облик и гласат на име.

Обврзниците носат право на камата и право за враќање на главницата.

### Член 3

Издадените обврзници по својот вид се обврзувачки.

Во случај на нови емисии на нови долгорочни хартии од вредност - обврзници, обврзниците од оваа емисија ќе имаат еднаков третман при исплата како и сите други должнички хартии од вредност од ист вид и карактеристики кои можат да бидат издадени од Општина Гази Баба во иднина.

Имателот на обврзница не може да бара забрзана отплата на идните побарувања врз основа на камата или главница.

Опцијата за предвремен откуп на обврзницата е дискреционо право само за Општина Гази Баба по истекот на петтата година

### Член 4

Општина Гази Баба ќе издаде обврзници во количина од 10.000 (десет илјади) лота, во апоени од по 30.850,00 (триесет илјади и осумстотини и педесет) МКД.

Номинална вредност на обврзниците е 30.850,00 (триесет илјади и осумстотини и педесет) МКД по лот - по обврзница.

**Член 5**

Обврзниците ќе се понудат по продажна цена која е еднаква на номиналната и изнесува 30.850,00 (триесет илјади и осумстотини и педесет) МКД по лот - по обврзница.

Вкупната вредност на емисијата е 308.500,000,00 МКД.

**Член 6**

Правата и обврските од издадените обврзници настануваат од моментот на запишување на истите во Централниот депозитар на хартии од вредност.

Рокот на доспевање на издадените обврзници е 7 (седум) години од денот на запишување на обврзниците во Централниот депозитар на хартии од вредност.

**Член 7**

Средствата кои ќе се приберат преку емисијата на обврзниците се наменети за "Обезбедување на средства за финансирање на капитални проекти и инвестиции од значење на општината", преку реализирање на следните проекти:

1. Изградба на фекална канализациона мрежа во населено место Јурумлери;
2. Изградба на фекална канализациона мрежа во населено место Гоце Делчев;
3. Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на територија на Општина Гази Баба;
4. Изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков";
5. Реконструкција и санација на објект на Дом на културата "11 Октомври";
6. Изградба на пречистителна станица за отпадни води во населено место Црешево;
7. Изградба на нови детски градинки во населени места Трубарево и Маџари;
8. Изградба, реконструкција и санација на локални улици на територија на општина Гази Баба.

Вкупниот износ на Проектот за финансирање на капитални проекти и инвестиции од значење на општината:

1. Изградба на фекалната канализација во населено место Јурумлери со еден модул во ПСОВ - III фаза - 76.000.000,00 МКД со вклучен 18% ДДВ;
2. Целосна изградба на фекалната канализација во населено место Гоце Делчев - 45.000.000,00 МКД со вклучен 18% ДДВ;
3. Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на територија на Општина Гази Баба;
4. Изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков" - 100.000.000,00 МКД со вклучен 18% ДДВ;
5. Реконструкција и санација на објект на Домот на културата "11 Октомври" - 27.000.000,00 МКД со вклучен 18% ДДВ;
6. Изградба на пречистителна станица за отпадни води во населено место Црешево - 30.000.000,00 МКД со вклучен 18% ДДВ;
7. Изградба на нови детски градинки во населените места Трубарево и Маџари - 27.000.000,00 МКД со вклучен 18% ДДВ;
8. Изградба, реконструкција и санација на локални улици на територија на Општина Гази Баба.

согласно Одлуката за задолжување на Општина Гази Баба преку издавање на обврзници, бр.09-400/22 од 30.01.2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/2023).

**Член 8**

Емисијата за обврзниците нема гарант за исплата и истите не се издаваат во серија.

**Член 9**

Должничките обврзници се со фиксна годишна каматна стапка во износ од 5%.

Исплатата на каматата ќе се врши во денари, согласно амортизациониот план за исплата на долгот односно на главницата и каматата, еднаш годишно, сметано од денот на регистрирањето на обврзниците во Центаралниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 10**

Првата исплата на каматата ќе започне по истекот на 12 месеци од денот на регистрирање на обврзницата во Централниот Депозитар на хартии од вредност, а ќе заврши во наредните (7) години од денот на регистрирањето на обврзниците во Централниот депозитар за хартии од вредност. Главницата ќе се исплати во 6 (шест) еднакви рати започнувајќи по втората година од датумот на регистрирањето на обврзницата во Централниот депозитар за хартии од вредност во денари. Исплатата на номиналната вредност на обврзницата и на каматата ќе се врши на точно утврдени датуми кои ќе бидат објавени од страна на издавачот на начин на кој е објавен Проспектот во рок од 10 дена од регистрирање на обврзниците во Централниот депозитар за хартии од вредност. Исплатата ќе се врши во рок не подолг од 15 дена од денот на достасување на обврската за исплата на каматата и на главницата. Во случај на доцнење на исплатата на каматата и на главницата на обврзниците, по истекот на роковите, Општина Гази Баба се обврзува да им плати на имателите, законска казнена камата.

**Член 11**

Исплатата на обврските настанати со издавањето на обврзниците ќе се врши од сопствени извори на приходи на Општина Гази Баба, во моментот на нивното доспевање.

**Член 12**

Обврзниците ќе бидат понудени со јавна понуда преку Македонска берза АД Скопје, во согласност со Правилата за тргување на берзата, а постапката на запишување и уплата на обврзниците ќе се спроведе преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност - членки на Македонска берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

При запишувањето и распределбата на запишаните обврзници се применува моделот на фиксна цена со давање приоритет на налози со помала количина и порано време на внес на налог.

Обврзниците можат да се запишат и купат најдоцна во рок од 30 дена од иницијалниот ден за запишување и уплата на обврзниците. Како иницијален ден се смета денот од кога почнува запишувањето и уплатата на обврзниците, а кој согласно оваа одлука ќе биде определен во Поканата за запишување на обврзниците и Проспектот за јавна понуда за издавање на обврзници.

**Член 13**

Обврзниците се уплатуваат во денари еднократно од страна на купувачот. Уплатата ќе се изврши во денари.

Купувач на обврзниците нема да биде Општина Гази Баба ниту правно лице основано од Општина Гази Баба или правно лице во кое општината има учество.

Купувањето на обврзниците не е финансирано директно или индиректно од Општина Гази Баба.

За време на запишувањето, сите уплати се чуваат на посебна сметка која не може да биде користена од страна на издавачот се додека јавната понуда не биде успешно завршена.

**Член 14**

Со Проспект за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на јавна понуда се објавува издавањето на обврзниците.

Запишувањето и уплатата на обврзниците ќе отпочне најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на одобрението за издавање на обврзници од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Распределбата на обврзниците ќе се врши во согласнот со Правилата за регулирање на начинот на запишување на јавно понудени хартии од вредност преку берза со примена на моделот на фиксна цена со давање приоритет на налози со помала количина и порано време на внес на налог.

**Член 15**

Поканата за запишување и уплата на обврзниците ќе биде објавена на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на обврзниците.

Проспектот за запишување и уплата и Поканата за запишување и уплата на обврзниците ќе бидат објавени на интернет страницата на Македонска берза АД Скопје, 14 дена пред почетокот на запишувањето на истите.

**Член 16**

Јавната понуда ќе се смета за успешна доколу се запишат и уплатат најмалку 60% од понудените обврзници.

Ако јавната понуда не се реализира согласно ставот 1 од овој член, истата се смета за неуспешна, а запишувањето на обврзниците се поништуваат и сите примени уплати за обврзниците се враќаат на трансакциските банкарски сметки на инвеститорите во рок од 7 дена од денот на објавување на неуспешноста на понудата заедно со депозитна камата дефинирана во Законот за хартии од вредност.

Доколку пред истекот на рокот за запишување и уплата на обврзниците, се запишат и уплатат 100% од понудените обврзници, Општина Гази Баба веднаш ќе ја затвори јавната понуда и преку соопштение за успешно релизирана емисија ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

**Член 17**

Оваа емисија на општински обврзници е наменета за сите физички и правни домашни и странски лица.

**Член 18**

Обврзниците се регистрираат во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, каде правото на сопственост и правото на располагање се стекнува со денот на регистрирање на обврзниците на сметката на хартии од вредност на сопственикот во депозитарот по целосна уплата согласно законскиот принцип - испорака наспроти плаќање.

Издавачот (Општина Гази Баба) ќе ги предаде обврзниците за регистрирање во ЦДХВ во рок од 3 работни дена по истекот на рокот за реализација на емисијата односно по постигнување на процентот од член 16 став 1, односно по постигнување на процентот од член 16 став 3 од оваа одлука.

Општина Гази Баба ќе располага со средствата од емисијата по регистрирање на обврзниците во ЦДХВ и префрлање на средствата од посебната сметка на сметка на општината.

Во случај на доцнење на исплата на камата или главница, после истекот на роковите, Општина Гази Баба се обврзува на сопствениците на обврзниците да им плати законска казнена камата.

Општинските обврзници ќе бидат внесени на берзанска котација во случај на исполнување на условите дефинирани согласно Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје.

**Член 19**

Оваа одлука треба да се спроведе во рок од 1 (една) година од денот на влегување во сила.

**Член 20**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, доколку се укаже потреба или на барање на Комисијата за хартии од вредност, да изврши измена и дополнување на оваа одлука, без право на промени во висината и условите на емисијата.

**Член 21**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ги преземе потребните активности за реализација на оваа одлука.

**Член 22**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2552/18**
**од 10 април 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

## СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 2

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 5

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 8

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 11

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 14

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Григор Прличев" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 17

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 20

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 23

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 26

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 29

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период од 01.04.2023 година до 31.12.2023 година . . . . . 32

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2023 година . . . . . 34

**ОДЛУКА** за именување Одбор за подигање на спомен - обележја (бисти) на Дане Крапчев и Гоце Делчев . . 36

**ПРОГРАМА** за изменување и дополнување на Програмата за работа во обласста на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година . . . . . 38

**ОДЛУКА** за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на краци од улица "Христофор Жефаровиќ" . . . . . 44

**ОДЛУКА** за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност - општински обврзници од прва емисија . . . . . 46



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 07/23**
**25 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ


e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk